STC-SEE | Студија за потрошувачката на тутун во земјите на ЈИЕ

PCM 2019

ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКА

1. Значително да се зголеми цената на тутунските производи со зголемување на акцизата. Зголемувањата на цените преку повисоки даноци се покажаа како најефикасни мерки ширум светот за намалување на употребата на тутун и спасување на животи, вклучително и обесхрабрување на иницијативата за пушење кај возрасните и младите.

2. Да се подигне свеста за штетните ефекти од употребата на тутун врз здравјето и да се воведат сеопфатни програми за контрола на тутунот со цел да се намали пушењето и кај младите и кај возрасните преку организирање јавни кампањи во медиумите, како и во училиштата, болниците и работните места. Покрај тоа, штетните ефекти на тутунот треба да се воведат како тема во наставната програма за едукација, започнувајќи во основните училишта, а особено во средните училишта.

3. Да се развијат ефикасни услуги за откажување од пушење и да се направат достапни и ефтини за сите пушачи. Услугите за откажување од пушење во форма на консултации со медицински професионалци по телефон или лично треба да бидат нашироко достапни. Консултациите треба да бидат достапни во училиштата, факултетите, општите лекари и болниците. Првите се особено важни за да ги охрабрат и мотивираат младите пушачи да се откажат од пушење, како и да ги информираат постарите возрасни групи за штетите од пушењето врз нив самите и врз членовите на нивните домаќинства. Покрај тоа, функционалните телефонски линии за помош и групите за поддршка финансирани од владата може да ги поддржат пушачите во откажувањето од пушење.

4. Да се примени политика заснована на докази и да се координираат напорите на сите релевантни заинтересирани страни. За да биде политиката ефективна, треба да се врши постојан мониторинг и собирање на податоци за употребата на тутун од страна на сите вклучени страни на различни нивоа, вклучително и Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје и Царинската управа, како и училиштата, болниците, и регионални социјални оддели.

ЦЕЛИ

- PCM е една од 168 земји што ја ратификуваа РККТ на СЗО во 2006 година. Општата забрана за пушење на јавни места, вклучително и ресторани и барови, стапи на сила на 1 јануари 2010 година. Следењето и достапноста на точни и навремени информации за употребата и контрола на тутун, се меѓу клучните предуслови за ефективни здравствени и фискални политики со кои ќе се обезбеди превенција, ќе се намалат штетните ефекти од употребата на тутун и ќе се заштитат здравјето и животот на луѓето. Оваа листа на факти се заснова на извештај кој има за цел да ги поддржи напорите за контрола на тутунот во PCM преку обезбедување на специфични податоци за земјата. Ова е една од првите студии за презентирање на сеопфатни информации и проценки поврзани со употребата на тутун, откажување од пушење, изложеност на пасивно пушење, економија, изложеност во медиуми и ставови и перцепции на пушачи.

МЕТОДОЛОГИЈА

- Податоците за овој извештај се собрани преку национално истражување, лице в лице, истражување по домаќинства спроведено на примерок од 1.006 испитаници, што е репрезентативно за населението во Република Северна Македонија, на возраст од 18-85 години. Студијата користеше рамка за земање примероци базирана на податоци од последниот попис во земјата спроведен во 2002 година.

ВАЖНИ ТОЧКИ

УПОТРЕБА НА ТУТУН

- Скоро половина од возрасните луѓе во Република Северна Македонија (48,4 проценти) во моментов користат тутун. Преваленцата на пушење е 57,9 проценти кај мажите и 39,0 проценти кај жените.
- Преваленцата на пушење се зголемува со возраста на пушачи, достигнувајќи го својот врв на 45-54 години (60,1 процент за моменталните секојдневни пушачи). По 55-тата година, стапката на преваленца почнува да се намалува, се додека не се намали за скоро половина на возраст од 65-74 години.
- Повеќето пушачи во Република Северна Македонија користат произведени цигари (92 проценти) наспроти рачно виткани цигари (12,5 проценти). Потрошувачката на други производи од тутун е околу 1 процент.

ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПУШЕЊЕ

- Само 19,3 проценти од сите моментални пушачи се обиделе да се откажат од пушење во изминатите 12 месеци, а просечниот период на апстиненција од пушење е 1,7 месеци. Додека најмладите пушачи имаат најголем процент на обиди за откажување, тие исто така имаат најмало просечно времетраење на апстиненција. Спротивното важи за постарите возрасни групи.
- Најчестите причини за обид за откажување од пушење се зголемено познавање на штетните ефекти од пушење (36,0 проценти), цената на цигарите (31,6 проценти) и болест (25,8 проценти)
- Стапката на откажување (однос на поранешни пушачи на трајни пушачи) е 18,1 процент.

ПАСИВНО ПУШЕЊЕ

- Помалку од половина од непушачите (42,9 проценти) не дозволуваат пушење во нивните домови, а 28,3 проценти дозволуваат пушење само надвор или на тераса.
- Приближно една третина од пушачите (35,2 проценти) се соочуваат со прилично строга политика за пушење во домот, дозволено е само да пушат на тераса или надвор.
- На двајца од пет пушачи (41,8 проценти) многу пати им било кажано дека пушењето им пречи на другите, додека 37,8 проценти слушнале слични поплаки неколку пати.

ЕКОНОМИЈА

STC-SEE | Студија за потрошувачката на тутун во земјите на ЈИЕ

Листа на факти

PCM 2019

- Произведените цигари се двојно поскапи од рачно витканите цигари (1,7 € наспроти 0,9 € за 20 цигари, соодветно).
- Пушачите на произведени цигари трошат во просек 30,7 € месечно, додека на рачно виткани цигари трошат 13,3 € месечно.
- Просечен пушач пуши 382,0 произведени цигари или 308,8 рачно виткани цигари месечно.

Ставови

- Повеќе од половина од возрасните луѓе (58,1 % сметаат дека доколку пушењето или продажбата на тутунски производи се нелегални, ќе биде корисна стратегија за намалување на потрошувачката на тутун.
- Повеќето возрасни сметаат дека цигарите се скапи (44,8 %) или многу скапи (38,2 %).
- Со легислативата која забранува секаков вид рекламирање, само 4,8 % од возрасните забележале бесплатни примероци на цигари како промоција на тутун.

ЕКОНОМИЈА

Просечна сума потрошена на 20 произведени цигари, во евра	1.7
Просечна сума потрошена за 20 рачно виткан тутун, во евра	0.9
Просечно месечно трошење на произведени цигари, во евра	30.7
Просечно месечно трошење на рачно виткан тутун, во евра	13.3

ОТКАЖУВАЊЕ ОД ПУШЕЊЕ

Пушачи кои направиле обид за откажување во изминатите 12 месеци, од причина	Процент 95% CI)
Цигарите станале премногу скапи	31.6 (21.0, 44.6)
Други економски причини (на пр. помала плата, отпуштање или пари потребни за други намени)	16.0 (9.3, 26.2)
Болест (некаква медицинска состојба)	25.8 (16.5, 37.9)
Совет од лекар или здравствен работник	18.7 (70.6, 88.8)
Зголемено познавање на штетните ефекти од пушењето	36.0 (25.6, 47.9)
Бременост/раѓање на дете	1.6 (0.4, 6.2)
Притисок за откажување од партнер/роднини	16.3 (8.3, 29.6)
Закон за пушење без чад	3.7 (1.3, 10.0)
Работодавач што исклучува вработување пушачи	1.7 (0.4, 6.5)
Без одговор	2.4 (0.6, 9.2)

СТАВОВИ И ПЕРЦЕПЦИИ

Можни стратегии за контрола и ограничување на употребата на тутун	Целосно бескорисна	Прилично бескорисна	Прилично корисна	Многу корисна
	Процент (95% CI)			
Бесплатна поддршка за откажување од пушење, вклучително и терапија за замена за никотин	27.7 (24.4, 31.1)	27.5 (24.4, 30.9)	19.2 (16.6, 22.2)	16.2 (13.8, 19.0)
Пушењето или продажба на тутун да станат нелегални	11.1 (9.0, 13.8)	14.4 (12.1, 16.9)	23.7 (20.8, 26.9)	34.4 (24.9, 41.9)
Покачување на цената на цигарите / покачување на цената на тутунските производи	15.0 (12.5, 17.9)	22.7 (19.9, 25.8)	27.8 (24.6, 31.3)	27.9 (24.8, 31.2)
Проширување на забраните за пушење	24.4 (21.3, 27.8)	24.9 (21.9, 28.1)	23.2 (20.2, 26.5)	22.7 (19.9, 25.7)
Ограничување на бројот на продавници во кои може да се продаваат тутунски производи	19.4 (16.6, 22.6)	20.7 (17.9, 23.9)	23.2 (20.3, 26.3)	30.4 (27.3, 33.8)


ЕКОНОМИЈА

Изложеност на чад од тутун во домот според статус на пушење и пол	Непушачи		Пушачи	
	Изложени	Неизложени	Изложени	Неизложени
	Процент (95% CI)			
Вкупно	24.3 (19.2, 30.3)	72.2 (65.9, 77.7)	52.6 (47.3, 57.9)	46.0 (40.8, 51.4)
Машки	24.7 (17.1, 34.4)	74.0 (64.3, 81.9)	49.2 (42.1, 56.4)	48.8 (41.6, 56.0)
Женски	24.1 (17.6, 32.1)	71.0 (62.5, 78.3)	57.5 (49.6, 65.0)	42.2 (34.6, 50.1)

УПОТРЕБА НА ТУТУН

	Вкупно	Машки	Женски
	Процент (95% CI)		
Моментални секојдневни пушачи	43.0 (39.5, 46.5)	50.6 (45.5, 55.8)	35.4 (30.9, 40.2)
Моментални несекојдневни пушачи	5.4 (4.1, 7.1)	7.3 (5.1, 10.1)	3.6 (2.2, 5.7)
Поранешни секојдневни пушачи	8.2 (6.6, 10.2)	11.3 (8.6, 14.6)	5.3 (3.6, 7.6)
Поранешни несекојдневни пушачи	2.4 (1.5, 3.8)	3.2 (1.8, 5.8)	1.7 (0.9, 3.2)
Пробале неколку пати	6.1 (4.6, 8.1)	4.5 (2.9, 7.0)	7.7 (5.3, 11.1)
Пробале еднаш	4.9 (3.5, 6.7)	2.8 (1.7, 4.8)	6.8 (4.6, 10)
Никогаш не пушеле	29.9 (26.5, 33.5)	20.3 (16.2, 25.1)	39.4 (34.4, 44.6)

Скоро половина од возрасните луѓе во РСМ се пушачи



Признанија

Аналитика работи во соработка со Институтот за економски науки во Белград, кој ја координира регионалната мрежа на истражувачи во Југоисточна Европа за оданочување на тутунот. Проектот е финансиран од Универзитетот Илиноис од Чикаго (UIC) Институт за здравствено истражување и политика за спроведување на економски истражувања за оданочување на тутун во Република Северна Македонија. UIC е партнер на иницијативата Блумберг за намалување на употребата на тутун. Ставовите изразени во овој документ не може да се припишат, ниту пак ги претставуваат ставовите на UIC, Институтот за здравствени истражувања и политика или Bloomberg Philanthropies.